Билјана Дураковска

# СЕКОЈДНЕВНА ПРИКАЗНА

Мај, 2004
Скопје

ЛИКОВИ

ЈАНА, 23 год.

ДАНИЕЛ,  24 год.

КОСТА,  27 год.

НИНА,  27 год.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА, 22 год.

ЈОСИФ, 29 год.

ЕЛЕНА, 28 год.

ПЕРО, 24 год.

ЕМИЛИ, 40 год.

**Кога сите беа среќни...**

**Сцена 1**

МАСА ПОСТАВЕНА ЗА СЕДУММИНА. СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА. ТУКА СЕ ЈАНА, КОСТА, ПЕРО И ДАНИЕЛ.

ПЕРО:

Не разбирам како некој може да се тупне така на роденден, непоканет...

ДАНИЕЛ:

Кој тој некој?

КОСТА:

Нина, другарка и на Елена.

ЈАНА:

Нина? А ти ја знаеш?

КОСТА:

Не, ама Елена често ја спомнува.

ПЕРО:

Е тоа де, не разбирам...

ЈАНА:

Де бе Перо колку си конзервативен. Најверојатно морале така, а и што толку девојчето ви смета...

ДАНИЕЛ:

А добра е некоја?

ПЕРО:

Е како не била добра, 28 години!?

ДАНИЕЛ:

Де бе, стара кока добра јуха.

ПЕРО:

Не може да биде ништо посебно добра кога и е другарка на Елена!

ДАНИЕЛ:

Зашто?

КОСТА:

Зашто?

ПЕРО:

Па се омажила на 20, да ти ´бам...

ДАНИЕЛ:

Педер, тоа не значи дека не е добра...

ПЕРО:

Не ме интересира.

ЈАНА:

А ти бе зошто не си ја донесе девојаката?

ПЕРО:

Која девојка?

ЈАНА:

Хм... баш го мрзам тоа прашање...Што И фали на верноста... како да сте оперирани од неа..

ПЕРО:

Царски рез... Ко слепо црево е.

ДАНИЕЛ:

Досадна е..

КОСТА:

Сигурна е!

ДАНИЕЛ:

Си се тешиш?

КОСТА:

Не... Јас имам се што ми треба сега И овде

ЈАНА:

(го бакнува)

Знаеш...

КОСТА:

Знам... И јас тебе!

ПЕРО:

Сеуште ќе ги чекаме?

ЈАНА:

Тебе пак да не ти се јаде?

ПЕРО:

Не.

JAHA:

Па што е тогаш?

ПЕРО:

Па не разбирам како некој може да касни на роденденот каде што не е поканет!? Сто посто каснат ради неа! Не може да се изнадотера!

JAHA:

Можда не е воопшто толку лошо девојчето!

ПЕРО:

Е да бе, што не отидам ја на некој роденден туку така!!!

ДАНИЕЛ:

Можда ке си го смениш мислењето...

ПЕРО:

Ти да си го смениш.

КОСТА:

Све ли е донесено на масава? Пијачки?

JAHA:

Веројатно. И да не е, ке се снајдеме.

ГО БАКНУВА.

КОСТА:

А свеќите да ги запалиме. Имаш право на една желба.

JAHA:

Тоа е завршена работа.Немам неисполнети желби.

КОСТА:

Јас имам... Може место тебе?

JAHA:

Ко мало дете се радуваш...на мој роденден.

КОСТА:

Исто ко мој да е..

JAHA:

Па јас И не се радувам баш многу на фактот дека сум уште една година постара..

КОСТА:

Со 24год, не можеш да кажеш дека си постара, пошто не си стара... А јас се надевам дека си за една година помудра!

ЈАНА:

(низ насмевка)

Само надевај се!

ПЕРО:

Без разлика на тоа што господата не се стигнати, тебе сестро роденденот ти е почнат.

ЈАНА:

Да не ми донесеше Даниел подарок, немаше да имам такво чувство.

ПЕРО:

Сакаш да кажеш Даниел ти донесе подарок за разлика од нас?

ЈАНА:

Да.

СЕ СМЕАТ.

КОСТА:

Стрпи се, изненадување е.

ЈАНА:

Што? Ти и брат ми сте ми спремиле изненадување?

ПЕРО:

Јас немам врска со тоа. Шворц сум, не си ми дала ебан денар...

ЈАНА:

Јас да ти давам?! Досега немам слушнато дека помалите сестри даваат на постари браќа.. Во нормални фамилии, тоа е обратно.

ПЕРО:

Ќе се вреѓаме?

ЅВОНИ ЅВОНЧЕТО. ЈАНА ОТВАРА. ВЛЕГУВААТ ЈОСИФ, ЕЛЕНА И НИНА. И ЧЕСТИТААТ РОДЕНДЕН. НИНА Е ОБЛЕЧЕНА УБАВО, НО ПРЕСВЕЧЕНО ЗА ПРИЛИКАВА.

КОСТА:

(на Елена)

Ако ти не закасниш, нема кој да закасни!

СЕ ПРЕГРНУВААТ.

ЕЛЕНА:

Ти бар ме знаеш.

ЈОСИФ (на Коста):

У тој случај знаеш како ми е.

СЕ СМЕАТ.

ЕЛЕНА:

Јана... Коста, ова е Нина... сум ти ја зборела... конечно да ја запознаеш.

ЈАНА:

Мило ми е.

КОСТА:

(на Нина)

Конечно се запознавме.

ЈАНА:

Ајде седнувајте! Пијачки?

КОСТА:

Јас!

НОСИ ПИЈАЧКИ. НАЗДРАВУВААТ. ЕЛЕНА ЈА ПИЕ НА ЕКС.

ЕЛЕНА:

One more please.

КОСТА:

Веднаш... Прво изненадувањето!

ОД ЏЕБОТ ЈА ВАДИ КУТИЈАТА, МАЛА, НО НЕ Е ЗА ПРСТЕН.

КОСТА:

Не се паничи. Срекен роденден! (ја бакнува)

ЈАНА БРЗО И НЕРВОЗНО ЈА ГРАБА И ЈА ОТВОРА. ВО КУТИЈАТА ИМА ОБЕТКИ И ПОРАКА. СИТЕ СЕ СМЕАТ РАКОПЛЕСКААТ. ЈАНА ГИ ПОКАЖУВА ОБЕТКИТЕ.

ПЕРО:

Прочитај, прочитај на глас...

ЈАНА:

"Прстенот ќе го купиме на Кипар."

КОСТА:

Ок?

ЈАНА:

Каков Кипар?

КОСТА:

Сакам да дојдеш со мене на Кипар... една година. Ќе дојдеш, нели?

НЕПРИЈАТНА ТИШИНА. ЈАНА Е БЕСНА. МРАК.

**... не знаеа да си ја чуваат среќата...**

**Сцена 2**

СОБАТА НА ЈАНА. КРЕВЕТ, МИНИ БАР, ШИШЕ АЛКОХОЛ И ДВЕ ЧАШИ. ДАНИЕЛ И ЈАНА ЛЕГЖАТ НА КРЕВЕТ. ТОЈ ЈА МИЛУВА, ТАА НЕПОДВИЖНО ЛЕЖИ.

ЈАНА:

Не можам повеќе.

ДАНИЕЛ:

Замижи и осети колку ми требаш...

МОЛК.

ЈАНА:

Има работи што не ги знаеш за мене...

ДАНИЕЛ:

Не ми е важно, го сакам тоа што го знам... убаво ми е со тебе.

ЈАНА:

Не ти е.

ДАНИЕЛ:

Зошто така зборуваш?

МОЛК.

ЈАНА:

Комплицирано е... нема да разбереш...

ДАНИЕЛ:

Пробај да ми објасниш...

МОЛК.

ЈАНА:

Не ми значиш!

ДАНИЕЛ Е ЗБУНЕТ ОД ДИРЕКТНОСТА.

ДАНИЕЛ:

Како мислиш?

ЈАНА:

Тоа го заклучив после ред мажи со кои спиев...

ДАНИЕЛ:

... со кои спиеше!?

ЈАНА:

Додека бав со тебе...

ДАНИЕЛ:

Додека бев со тебе...

МОЛК.

ДАНИЕЛ:

Раскажи ми.

ЈАНА:

Не мислам дека тоа нешто ќе смени.

ДАНИЕЛ:

Try me...

ЈАНА:

Пијалок?

ТУРА ЖЕСТОК АЛКОХОЛ ВО ДВЕ ЧАШИ.

ЈАНА:

Имиња?

ДАНИЕЛ:

Да.

ЈАНА:

Зошто?

ДАНИЕЛ:

Сакам да знам...

ЈАНА:

Марко?

ДАНИЕЛ:

Марко! (пауза) И?

ЈАНА:

Бев со него... дур бев на часови по италијански... два пати неделно...

ДАНИЕЛ:

Два пати неделно... секоја недела...

ЈАНА:

Па, не... одев понекогаш и на часови...

ДАНИЕЛ:

Добро де, сфатив.

ЈАНА:

Извини.

ДАНИЕЛ:

После...

ЈАНА:

Васил... Ова е глупо... Во меѓувреме и некои не така важни...

ДАНИЕЛ:

Глупо е. Спиеше со сите?

ЈАНА:

Да. Глупо е.

ДАНИЕЛ:

Глупо е. Васил, а?

ЈАНА:

Тренерот на фитнес...

ДАНИЕЛ СЕ НАСМЕВНУВА НА ЦЕЛА МАКА.

ДАНИЕЛ:

Цела оваа година се случуваше тоа?

ЈАНА:

Тоа сум јас.

ДАНИЕЛ:

Не си!

ЈАНА:

Сум!

ДАНИЕЛ:

Те знам јас тебе и поинаква... Со друг до душа...

ЈАНА:

Со друг...

ДАНИЕЛ:

И некои не така важни, а?

ЈАНА:

Не те сакам Даниел? Мислев дека ке можам да те засакам. Мислев дека ќе можам некого да засакам после него. Навистина сакав. Извини.

ДАНИЕЛ:

Не биди патетична, ми се повраќа...

ЈАНА:

Ок. Тогаш вака. Спиев со кого сакав. И тоа е тоа.

ДАНИЕЛ:

Што треба сега јас да направам?

ЈАНА:

Тоа што го чувствуваш...

ДАНИЕЛ СТАНУВА, ПОЛЕКА ГО ЗЕМА ТЕЛЕФОНОТ. ЈА ДОПИВА ЧАШАТА, НА ЕКС. ТРГНУВА БЕЗ ДА ЈА ПОГЛЕДНЕ.

ЈАНА:

Одиш?

ДАНИЕЛ:

Мислев дека повеќе вредиш...

ЗАМИНУВА. ПА СЕ ВРАЌА.

ДАНИЕЛ:

Зошто...

ЈАНА:

Не знам... едноставно така...

ДАНИЕЛ:

Зошто кажа, сега?

ЈАНА:

...сега сфатив...

ДАНИЕЛ:

Што?

ЈАНА:

Дека... сакам друг. Уствари... Барав утеха во тебе без да го заборавам него. Се извалкав себе си?!? Ако размислам, можеби во сите тие денови понекогаш и те сакав... а и што е тоа важно. (пауза) Не! Важно е! Тоа го направив од егоизам... да се искупам бар малку... тешко ми е да те гледам како светот ми го подаваш на дланка... а јас го претварам во гомна... тешко е тоа... Полесно ми е да кажам : Толку. Одам понатаму.

ДАНИЕЛ:

Каде?

МРАК.

**Сцена 3**

ЕФТИНО БИФЕ. МАСА ЗА ДВАЈЦА. ЈАНА СЕДИ, САМА. ПРЕД НЕА ИМА ПИЈАЛОК. ЗА НЕКОЈ МИГ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОСТА. СЕ ПРЕГРНУВААТ.

КОСТА:

Ме изненади... не те очекував...

ЈАНА:

И? Среќен си што ме гледаш?

КОСТА:

Секако.

ЈАНА:

Вчера разбрав дека си се вратил.

МАЛА ПАУЗА.

ЈАНА:

Како беше таму?

КОСТА:

Убаво, работно...

ЈАНА:

Ми недостигаше... Сакав да дојдам...

КОСТА:

Да дојдеше, немаше да ти недостигам...

ЈАНА:

Не можев! Ти избрза! И со прстенот и со патувањето.

КОСТА:

Работата...

ЈАНА:

И тука имаше работа.

КОСТА:

Ебати работата, чувар во електро-дистрибуција

ЈАНА:

А таму отиде И стана директор?

КОСТА:

(иронично)

Шанкер... Али барем имаше пиење И заебанции до смрт... Требаше да дојдеш.

ЈАНА:

Требаше да одберам меѓу тебе и факултетот.

КОСТА:

Можеше да го завршиш кога ќе се вратевме.

ЈАНА:

Ако се вратевме. Можеше да почекаш.

КОСТА:

Не можев, знаеш.

ЈАНА:

Знам.

КОСТА:

Тоа сега веќе и не е важно. Живот иде даље... Ајде поведро, кај тебе како е.. Даниел?

ЈАНА:

Не повеќе.

КОСТА:

Ќе го најдеш тоа што ти треба.

ЈАНА:

Знам што ми треба.

КОСТА:

Батали.

ЈАНА:

Ти пробуваш да ми кажеш нешто друго... Ме сакаш ли сеуште?

КОСТА:

Што е тоа сега важно!? За што сега дојде? Да ми го упропастиш животот?

ЈАНА:

Молам? Дојдов за да ти ги видам очите уште еднаш... И да знам дека...

КОСТА:

Верен сум... и труден...

JАНА:

Молам!? Озбилен си?

КОСТА:

Ептен...

JАНА:

Не знаев... со среќа нека ти е.

МОЛК.

JАНА:

Јa сакаш?

КОСТА:

Што е и тоа сега важно?

JАНА:

Да знам дали си среќен...

КОСТА:

Најверојатно, чим сум со неа...

ПАУЗА.

JАНА:

Која е таа?

КОСТА;

Нина.

JАНА:

Од Кипар?

КОСТА:

Од тука.

JАНА:

Јa знам?

КОСТА:

Другарката на Елена.

JАНА:

На Елена!?

КОСТА:

Лани дојде со Елена и Јосиф на твојот роденден.

ЈАНА:

На мојот роденден!? Со неа!

КОСТА:

Да.

ЈАНА:

Многу убаво.

КОСТА:

Тоа е тоа.

ЈАНА:

Како се деси?

КОСТА:

Случајно.

ЈАНА:

Случајно се ожени со неа!?

КОСТА:

Случајно се оженив со неа откако ти случајно ме напушти!

ЈАНА:

Ти ме напушти!

КОСТА:

Како и да е.

ПАУЗА.

КОСТА:

Излеговме два три пати. Дојде со мене на Кипар.

ЈАНА ЗНАЧИТЕЛНО ГО ПОГЛЕДНУВА.

КОСТА:

Не мислев ништо озбилно.

ЈАНА:

Ќе ти викнам такси.

КОСТА:

Немој...

ЈАНА:

Оди си!

КОСТА:

Јас...

ЈАНА:

Не е важно! Оди си. Сега, како што велеше еден мој драг пријател, треба да се запрашам кога јас не сум била фер према животот!? (пауза) А кога сум била!? Требаше тогаш да тргнам со тебе... Или Ич, или брич. Никогаш не сум верувала во компромиси, ама изгледа кога еднаш ќе го направиш после тоа те следи цел живот, како сенка... И за секое следно решение ќе се прашуваш дали е вистинското или е повторно глупав компромис. Мислев дека кога ќе се вратиш се ќе биде како порано. Ќе се земеме.. голема свадба. Секое сабајле ќе играм теннис со татко ти.. Ќе одиме на одмаори...Ќе го шетаме светот. Изгледа светот не прошета нас. (пауза) Имав да ти кажам нешто за надежта.. Велат надежта, само еднаш има шанса да се убие... Не било така... Можда за миг помислуваме дека е крај.. но утре е нов ден, нов живот И надежта пак се раѓа.. како пиреј, така ли беше?! Сакав да ти речам да се бориш, за тоа што го сакаш, да знаеш што сакаш.. да го добиеш тоа што го сакаш.. ама не реков ништо. Мислев дека прстенот што ќе го купиш по дефиниција ми припаѓа мене...ама кој превари, тој товари. (пауза) Сега веќе ни дипломата не ми е некоја сатисфакција... поточно, сега веќе ама баш ништо не ми значи. Ми значи тоа што можам сеуште да кажам дека ми е мило што си ти среќен И можам со литро крв да потпишам дека твојата среќа ми е побитна од мојата несреќа... И само затоа сега ќе те оставам... За да ме заборавиш...

ЅВОНИ НЕГОВИОТ ТЕЛЕФОН.

КОСТА:

Она е... Ало...

ЈАНА СТАНУВА. СИ ГО ЗЕМА ПАЛТОТО И ИСТРЧУВА. ТОЈ ПРОБУВА ДА ЈА СОПРЕ.

МРАК.

**Сцена 4**

АПАРТМАН. ФОТЕЛЈА И ТАБУРЕТКА. КОСТА И НИНА, БРЕМЕНА. КОСТА СЕДИ НА ЕДНА ТАБУРЕТКА, ГЛЕДА НЕКАДЕ НА ПАТОСОТ, ВО ТОЧКА.

НИНА:

Што се случи меѓу вас?

КОСТА:

Ништо.

НИНА:

Не ме лажи!!! Те гледам. Која е таа?

КОСТА:

Пријателка.

НИНА:

Пријателка! Каде беше до сега таа твоја пријателка?

КОСТА:

Не сакам за ова да зборувам.

НИНА:

Не, така не може.

КОСТА:

Напната си, нервозна... од бременоста...

НИНА:

Немој ти мене такви работи. Сакам да знам која е таа, што е и што бара во твојот живот!?

КОСТА:

Сум сретнал многу луѓе пред тебе...

НИНА:

Имате тајна врска, се гледате повремено, за секс... убаво ви е... не сум ти јас доволна... направи дете по грешка и во гомна си!

КОСТА:

Престани.

НИНА:

Се ебеш со неа? Се ебевте и сега? Гледај ме кога те прашувам!!!

КОСТА:

Не... Зошто ова го правиш?

НИНА:

Не знам, така ми иде.

КОСТА:

Сакам да спијам.

НИНА:

Застани и раскажи ми...

КОСТА:

Сега сум со тебе, таа приказна не е важна... зошто да ја раскажувам, кога ништо нема да промени... белки нема да ме осудиш што некого сум сакал пред тебе...

МОЛК.

НИНА:

Јана!?

КОСТА КЛИМНУВА СО ГЛАВАТА.

НИНА:

И што бараше она денес во твојот живот?

КОСТА:

Не знаеше дека сум верен.

НИНА:

Знаев дека со тебе е ризик. Знаев дека И по сто години ќе се врати И повторно ќе ја сакаш како првиот ден. Бев глупа кога прифатив да дојдам со тебе, а знаев дека сум замена... И бев глупа кога водев љубов со тебе како ти да си единствениот маж на светот, а после тоа те слушав како во сонот ја викаш неа. Глупа сум И сега што стојам тука И љубоморна сум И, затоа што И стиска газот да си замине И покрај тоа што те сака И да те остави со мене... И се нервирам што И покрај тоа што те напушта ти ја сакаш повеќе од кога И да е.. а јас не спаѓам во таа класа нели ... Ја сакаш?

КОСТА:

Престани.

НИНА:

И сега се каеш? Кажи ми!

КОСТА:

Не, така требало да биде... Јас и она, ја утнавме шансата.

НИНА:

Никогаш нема да ме сакаш ко неа, нели?

КОСТА:

Престани да се споредуваш.

НИНА:

Нели?

КОСТА:

Те молам.

ПАУЗА.

КОСТА:

Дојди прегрни ме.

НИНА ГО ПРЕГРНУВА.

МРАК.

**Сцена 5**

АПАРТМАНОТ НА ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА. ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА И КОСТА. СЕДАТ НА ПОДОТ, ТАА В СКУТ КАЈ НЕГО. ОКОЛУ НИВ ДВЕ ЧАШИ, ПЕПЕЛНИК, ЦИГАРИ.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Мразам да одам по леб и млеко, мразам да станувам рано, мразам кога комшиката тропа по ѕидот, мразам кога мајка ми и татко ми се караат, мразам кога деца плачат по улици, мразам кога некој ме загледува...

КОСТА:

А сакаш?

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Сакам... да водам љубов, кока кола, сладолед, милка чоколадо... шкембе чорба со лук... Како се викаш, у ствари?

КОСТА:

Ај погоди.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Како мислиш од море на имиња да го изберам баш твоето?

КОСТА:

Пробај.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

А што е тоа важно!?

КОСТА:

Не е.

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Што мразиш?

КОСТА:

Долги телефонски разговори, шопинг... мирис на манџа... верност, гужва у банка, шефот, виски со мраз, ефтин парфем, луге што ја кажуваат вистината во очи... мразам ноќ, не можам да спијам, многу сонувам, ја мразам тишината кога ќе си дојдам касно дома...

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Сакаш?

КОСТА:

Тишината кога ќе си дојдам касно дома, ја сакам ќерка ми... сакам жени, виски... многу кафе и цигари... секс за една вечер...

ЕДНА СЛУЧАЈНА ДЕВОЈКА:

Треба да одиш дома?

КОСТА:

Не.

ТАА ГО БАКНУВА. СТРАСНО. ДИВО.

МРАК.

**Сцена 6**

АПАРТМАНОТ НА КОСТА И НИНА. ТАА СЕДИ НА ФОТЕЉА ИМА ИЗГУБЕН ПОГЛЕД. НЕКОЈ ЅВОНИ НА ВРАТАТА. ТАА НЕ РЕАГИРА. ВЛЕГУВА ЈОСИФ. ТАА СЕ СЕПНУВА.

НИНА:

Извини што те малтретирам.

ЈОСИФ:

Елена ќе ти беше повеќе од корист, ама добро е барем јас да бидам покрај тебе...

НИНА:

Фала ти.

ЈОСИФ:

Елена отиде на пат... утре рано сабајле ќе се врати...

НИНА:

Многу се заебав со него...

ЈОСИФ:

Го сакаш, тоа е тоа...

НИНА:

Не можам веќе да издржам... Доаѓа наутро, мисли дека спијам, мириса на други... не ме сака... не знам, веќе дали воопшто некогаш ме сакал... Ме стигна тоа од што најмногу се плашев... Ја сака Јана, знам.

ЈОСИФ:

Таа не би се мувала со него.

НИНА:

Баш затоа оди со други, јас не постојам повеќе...

ЈОСИФ:

Не познавам среќен брак, иако однадвор повеќето така изгледаат...

НИНА:

И што јас да правам со тоа...

ЈОСИФ:

Радувај се што ја имаш Ивана... таа е мала и чиста, никогаш нема да те предаде...

НИНА:

Драго ми е што бар ти си среќен, што вие сте среќни...

ЈОСИФ:

Се тоа е така релативно.

НИНА:

Како?

ЈОСИФ:

Па она е среќна само кога е пијана... или уште полошо..

НИНА:

Знам дека дува. Се смени. Не знам како И зошто, ама се смени. Порано ми се јавуваше секој ден.. Доаѓаше на гости секој втор ден. И се радуваше на Ивана ко на свое. Сега треба да ја молам за да дојде. И тогаш кога ќе дојде ништо не кажува. И се губи погледот. Мислев дека И е период, ама некако долго трае. Можеби е подобро што дојде ти.

ЈОСИФ:

Дојди да те гушнам.

ЈА ПРЕГРНУВА. ЈА БАКНУВА ВО ВРАТ. ТАА СЕ СЕПНУВА, ПА СЕ ПРЕДАВА. СЕ МИЛУВААТ, СО МНОГУ НЕЖНОСТ.

НИНА:

Што се случува?

ЈОСИФ:

Не знам... ама се случува.

МРАК.

**Сцена 7**

СПАЛНА СОБА. НА КРЕВЕТОТ ЕЛЕНА И ПЕРО ВОДАТ ЉУБОВ. ВЛЕГУВА ЈОСИФ, ВО РАКАТА ДРЖИ БУКЕТ. ГИ ГЛЕДА, МУ ПАЃА БУКЕТОТ ОД РАКА. ПЕРО БЕГА, ЕЛЕНА СЕ ПОКРИВА.

ЕЛЕНА:

Тоа беше Перо... мојот љубовник... Мислев дека си на работа.

ЈОСИФ САМО КЛИМА СО ГЛАВАТА.

ЕЛЕНА:

Сврти се... да се облечам.

ЈОСИФ:

Сум те видел... маж сум ти.

ЕЛЕНА:

Не ми е пријатно.

ЈОСИФ:

И мене не би ми било...

ТОЈ СЕ ВРТИ, ТАА СЕ ОБЛЕКУВА.

ЕЛЕНА:

Ќе ти објаснам...

ЈОСИФ:

Нема потреба...

ЕЛЕНА:

Можеш да се свртиш...

ЈОСИФ:

Да те замолам нешто...

ЕЛЕНА:

Кажи...

ЈОСИФ:

Ќе сакаш да ме спакуваш... ти тоа најдобро го правиш... Знаеш кај ми се чорапите, вешот... блузите...

ЕЛЕНА:

Не оди... те молам.

ЈОСИФ:

Не ме задржувај...

ЕЛЕНА:

Те молам... ќе направам се ова да го заборавиш... да бидеме среќни...

ЈОСИФ:

Зошто се тоа?

ЕЛЕНА:

Се сакаме.

ЈОСИФ:

Не сум сигурен.

ЕЛЕНА:

Донесуваш заклучоци под стрес.

ЈОСИФ:

Ова требаше да се случи... Немаме ние зошто да бидеме заедно... прво јас не сакав дете, сега ти не сакаш... гледам и зошто не сакаш... јас по работа, ти на состаноци... четири пати реновираме, од колку да се најдеме на муабет... ретко водиме љубов, ти со друг, јас со други...

ЕЛЕНА:

Ти со други!? Ти со други!?!

ЈОСИФ:

Мислиш неверството е резервирано само за тебе...

ЕЛЕНА:

Ти со други!? Па како имаше лице да спиеш до мене...

ЈОСИФ:

Те молам спакувај ме...

ЕЛЕНА:

Ти со други!!! Мислев дека ме сакаш... Дека ќе го надминеме ова... Говедо! Имаш ли бре ти лице, душа, достоинство... имаш ли обзир... Те мразам!!! Те мразааааааааМ!!!! И знаеш што? Ова со лошо ќе ти се врати.

ПИСНУВА ДА ПЛАЧЕ. ИЗЛЕГУВА ОД СЦЕНА.

ЕЛЕНА:

Сам да си се спакуваааааааш!!!!

МРАК.

**Сцена 8**

СВЕТЛО. АПАРТМАН. ЕЛЕНА И ПЕРО, САМО ПО ДОЛЕН ВЕШ. ГЛАСНА МУЗИКА. GRASS И АЛКОХОЛ. ЉУБОВ.

ЕЛЕНА:

Убаво ни е, нели?

ПЕРО:

Ммммммм... да...

ЕЛЕНА:

Сега нема од кого да се криеме...

ПЕРО:

Нема да биде така забавно.

ЕЛЕНА:

Можда... а можда и ќе биде.

МУ СЕ ФРЛА. ДВАЈЦАТА ПАЃААТ ОД КРЕВЕТОТ, СЕ ЉУБАТ НАПАДНО.

ПЕРО:

Знаеш за што размислувам.

ЕЛЕНА:

Што?

ПЕРО:

Мислев на шампањ и јагоди... Темза, да си ги соблечам кондурите, и чорапите и да си ги брчкам нозете дур на глава ми пловат јато облаци...

ЕЛЕНА:

Јато облацииииии!!!!

ХИСТЕРИЧНО СЕ СМЕЕ.

ПЕРО:

Сакаш да дојдеш со мене?

ТАА СЕ УОЗБИЛУВА.

ЕЛЕНА:

Темза... Шампањ и јагоди... како?

ПЕРО:

Не знам... ама ќе најдам начин.

ЕЛЕНА:

Млади мевца се женат со дебели грди англичанки...

ПЕРО:

Јас така НЕ!

ЕЛЕНА:

А да си седиме тука... и да се плескаме до крајот на животот...

ГО ЉУБИ, СЕ СИМНУВА НАДОЛЕ. ТОЈ ЈА ОТУРНУВА.

ПЕРО:

Ме слушаш... сакам да живеам во Лондон!!! Преку кур ми е од ова срање.

ЕЛЕНА:

Што ти е, бе!? Кое срање, човече... се е супер!

ПЕРО:

За вакви како тебе... секаде е супер... а најсупер е да те остават на пуст остров... Затоа не излагаш од дома! Излези надвор да видиш кое срање.. Луѓе со висок коефициент на интелегенција што продаваат ѓевреци на улица И луѓе со заостанати ставови што владеат како Наполеон. Срање е што имаме се што не ни треба, а молиме Бога да дојде нешто подобро И со прст не мрдаме барем да научиме што е тоа подоброто И кога ќе дојде да го препознаеме. Сакам да излезам И да го видам тоа. Или барем да видам дека се друго е полошо И да се вратам без сон. Ич да не се залажувам!

ЕЛЕНА:

Ти? Па тебе лагата ти е ко добро утро... Ако не ти е она, ти си мртов. Тоа што имаш повисок IQ не значИ дека си попаметен од другите... Напротив, кај тебе тој процес е реверзибилен.. (пауза) Знеш зошто Запад е јак? Зашто таму ни еден генијалец не смета дека треба да ја напушти сопствената држава И да се докажува по белиот свет дека е тоа што е...

ПЕРО:

Да?!? Ама таму државата ги штити младите И напредни умови И ги стимулира за нешто повеќе.

ЕЛЕНА:

А бе Перо, пак се лажеш... ти викам ја добро утро! Ни едно општество не се грижИ за поединецот... Кога поединецот ќе допринесе за општото добро на сите, тогаш општеството го признава за херој. Е сега... Прашањето е кое општество сакаш да те признае за генијалец... или поточно, сакаш морална сатисфакција или пари?

ПЕРО:

Пари нормално!

ЕЛЕНА:

Тогаш излези и биди курва!

ПЕРО СТАНУВА ЛУТ И ТРГНУВА КОН КУПАТИЛОТО.

ПЕРО:

Ти за тоа не мораш да излегуваш.. Курвањето дома не е престап,знаеш? Знаеш? Знаеш што си ти? Ти си една.. знаеш.. шмиз.. тушла, што по цел ебан ден, ебено добро се ебе и троши туѓи пари.. до душа не моите... и многу пуши...

ТОЈ ИЗЛЕГУВА, ТАА ХИСТЕРИЧНО СЕ СМЕЕ. ВИТКА ЏОИНТ.

ПЕРО:(вика од тоалетот)

Мислам дека многу пушиш...

ЕЛЕНА:

Да мамо! Не ми се понашај... Си имам свои причини... Се во животот ми се случува толку брзо... Мислам дека секое следно гледање во огледалото ќе бидам осумдесет годишна старица која се прашува каде И отишла младоста... ако доживеам толку. А не сакам. Сакам да си бидам млада И убава... И сакам од почеток да почнам да живеам... И секој ден да биде долг И полн со секс... без обврски. Мислам дека за овие осум години брак со Јосиф си ги исполнив обврските за цел живот. Уствари.. џоинтот ми е спас... Најбрза варијанта за успорување на процесот на стареење.. т.е.

живеење. (ПЕРО СЕ ВРАЌА. ТАА ГО ПАЛИ ЏОИНТОТ.) И единствениот излез од црно-белата варијанта на овој мочан реализам И влез во мојот колоритен свет каде секој што го познавам си има своја боја... на пример ти... сега си ми некако жучкаст, ама пред да отидеш во тоалет ја имаше најубавата боја... праска... Сакаш?

МРАК.

**Сцена 9**

УТРО. АПАРТМАН. АНГЛИЈА. ПЕРО И ЕМИЛИ, АНГЛИЧАНКА, ДОБРО НЕГУВАНА, ДЕБЕЛА, МНОГУ. ПЕРО СПРЕМА ДОРУЧЕК ПО БОКСЕРИЦИ. ТАА ВО НОЌНИЦА, МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА ОД ПОЗАДИ, ГО БАКНУВА ПО ВРАТОТ И ГО ГМЕЧИ ЗА ГАЗЕТО.

ПЕРО:

Хај хани... Мммммммммм... среќо моја...

ЕМИЛИ:

Каков ти е распоредот... за денес откако... ќе ммммммммммммм...

ПЕРО:

Појадок!!!

ЕМИЛИ:

Појадок в кревет... (кон боксериците) друг појадок ммммммммм...

ПЕРО:

Малите ќе закаснат во школо... мора да ги однесам.

ЕМИЛИ:

Па зошто го имаме Џорџ, ако ти ги носиш... па уште сме во меден месец...

ГО ПИКА В КРЕВЕТ.

ПЕРО:

Хани, ми недостига стариот крај...

ЕМИЛИ:

Ќе одиме на лето...

ПЕРО:

Таму тебе нема да ти се допаѓа... ни на Џереми и Тери...

ЕМИЛИ:

Сакам да видам кај се родил мојот сопруг, да ги запознаам неговите пријатели, ќе ги поканиме за Божиќ тука... светот е мал кога имаме пари, бејби...

ПЕРО:

Таму нема скапи продавници за тебе... нема да ти се допаѓа...

ЕМИЛИ:

Ти не сакаш да дојдам јас со тебе!!!???

ПЕРО:

Сакам!

ЕМИЛИ:

Ммммммммммм... тоа ми се свиѓа...

ПЕРО:

Ммммммммммм... и мене... Само среќо, ти си тука главна... Си мислев, ако заминеме заедно, кој ќе го води ресторанот? Тоа може може многу да се одрази на бизнисот.

ЕМИЛИ:

Знаеш зошто прифатив да се омажам за тебе? После долго време конечно сретнав маж кој е толку многу одговорен, а толку многу забавен. Знаеш дека ова е прв пат откако сме заедно да разговараме за бизнисот? (пауза) Покрај тебе се чуствувам женствено И секси...

ПЕРО:

(низ насмевка)

Мила, тоа не е заради мене, верувај ми... Така се чуствуваш затоа што ти си најсексипилната жена што ја знам... Со тебе можам да водам љубов ден И ноќ, 24 часа...

ЕМИЛИ:

Перо, денес ќе дојде мајка ми... и ќе остане две недели со нас... нема да ни пречи, нели?

ПЕРО:

Не хани, нас никој нема да ни пречи... Засекогаш И секаде заедно!

ЕМИЛИ:

Со бившиот маж цел свет го прошетавме, ама минативе шест месеци поминати со тебе не би ги сменила за ништо на светов. И мислам дека не можев да одберам подобар татко за децата... Дури ни правиот...

ПЕРО:

Не збори така.. Па јас неправам ништо посебно. И искрено не сум баш најсреќен што сум идржувано лице во фамилијава.. Мислам, децата ми се мили И сакам кога сум покрај нив, ама...

ЕМИЛИ:

Гледаш, се грижиш! Тоа го ценам. Ти не разбираш... Тој никогаш не беше дома, а и кога беше работата беше најважна. Толку се друго беше небитно што ни родендените не им ги паметеше.Романтика...луксуз.Страст, само по потреба. Се беше обратно од ова што го имам сега.

НЕКОЈ SВОНИ. ПЕРО ПРОБУВА ДА СТАНЕ, ТАА ГО ЗАДРЖУВА.

ЕМИЛИ:

Не отвараме...

ПЕРО:

А ако е мајка ти?

ЕМИЛИ:

Не е, таа ќе се најави претходно...

ПЕРО:

Можда е нешто итно.

СТАНУВА.

ЕМИЛИ:

Ннneeeeeeeeeeeeee... па бејби...

ПЕРО ОТВАРА. ПРЕД ВРАТАТА ИМА ПИСМО. ЕМИЛИ ДОТРЧУВА ДА ВИДИ КОЈ Е.

ПЕРО:

Емили, види!!! Писмо од дома.

ЕМИЛИ:

Дома! Тебе Перо дома ти е тука.

ПЕРО:

Гледа, гледај... Од Јана, од сестра ми ... (Го отвара и го чита)

ЕМИЛИ:

Јана?

ПЕРО:

Добри се ме поздравуваат сите... Кој датум сме? Задутре и е роденден на Јана!

ЕМИЛИ:

Ќе одиме на роденден?

ПЕРО:

ПЕРО ВЧУДОНЕВИДЕНО ЈА ГЛЕДА,

ЕМИЛИ:

Јас одам да се туширам, те чекам да дојдеш.

ПЕРО:

Идам, идам...

ПЕРО КАКО ПОКИСНАТ СЕДНУВА НА КАУЧОТ.

ПЕРО:

Каде згрешив!?

МРАК.

**Сцена 10**

АПАРТМАН. ЕЛЕНА, ВО РАЗВЛЕЧЕНА ДОМАШНА ГАРДЕРОБА. СЕДИ НЕПРИСТОЈНО. ВО РАКАТА ДРЖИ МАЛО ШИШЕ АЛКОХОЛ. ПИЈАНА Е. НЕКОЈ ЅВОНИ. НЕМОЖЕ ДА СТАНЕ.

ЕЛЕНА:

Отворено е.

ВЛЕГУВА ЈОСИФ. НОСИ МАЛО КУФЕРЧЕ В РАКА.

ЈОСИФ:

Чув дека си сама...

ЕЛЕНА:

Што сакаш?

ЈОСИФ:

Да си дојдам дома.

ЕЛЕНА:

Хахахахааааааааа... Леси се враќа дома.

ЈОСИФ:

Мислев дека ќе ти биде драго.

ЕЛЕНА:

Драго ми е. Не ми се седи сама.

ЈОСИФ СЕДНУВА ДО НЕА.

ЈОСИФ:

Пиеш?

ЕЛЕНА:

Сакаш?

ЈОСИФ:

Да.

ОТПИВА.

ЕЛЕНА:

Зошто се врати?

ЈОСИФ:

Не знам.

ЕЛЕНА:

Кај беше?

ЈОСИФ:

Важно ти е?

ЕЛЕНА:

Не.

ЈОСИФ:

Батали.

ЕЛЕНА:

Си отиде Перо.

ЈОСИФ:

Ти фали?

ЕЛЕНА:

Не.

ЈОСИФ:

А јас?

ЕЛЕНА:

Сеедно е. Трава... да не имаш?

ЈОСИФ:

Не.

ЕЛЕНА:

А пари?

ЈОСИФ:

Имам.

ЕЛЕНА:

Добро е, бар еден има.

ЈОСИФ:

Ќе се снајдеме некако...

ЕЛЕНА:

Мене ми се спие.

СТАНУВА.

ЈОСИФ:

Елена!

ТАА СЕ ВРТИ.

ЈОСИФ:

Размислував дека можда ќе можеме од ново...

ЕЛЕНА:

Утре тоа. Уморна сум.

ЗАМИНУВА.

ЈОСИФ:

Валјда ќе биде добро...

**... А за тоа следи казна.**

**Сцена 11**

МАСА ЗА ДВАЈЦА. ЈАНА И ДАНИЕЛ. СЕ БАКНУВААТ. ЈАНА Е ПРЕКРАСНО ОБЛЕЧЕНА. ВЛЕГУВА ПЕРО, СО МАЛ КУФЕР В РАКА. КОГА ЌЕ ГО ЗДОГЛЕДА МУ СЕ ФРЛА ВО ПРЕГРАТКА.

ДАНИЕЛ:

Дечки, ќе затвараме... Ако си за кратко, ок?

ПЕРО:

Дај само една ж´та да џапнам... да се сетам кај сум.

СЕ СМЕАТ.

ДАНИЕЛ:

Сега од пат се враќаш?

ПЕРО:

Од пеколот се враќам.

ДАНИЕЛ:

Епа добре дојде.

СЕ ГУШКААТ.

ПЕРО:

Не ти купив поклон.

ЈАНА:

Како и секогаш!!! (го гушка и го бакнува)

ПЕРО ОД ЏЕБОТ ВАДИ МАЛА УБАВА КУТИЈА. И ГО ПОДАВА ПОКЛОНОТ. ТРОЈЦАТА СЕ МНОГУ СРЕЌНИ СЕ ПРЕГРНУВААТ.

ДАНИЕЛ:

Да наздравиме!

ЗЕМААТ ПО ЕДНА ПИЈАЧКА НАЗДРАВУВААТ. ДАНИЕЛ ОДИ ВО ТОАЛЕТ.

ЈАНА:

Ич не ми пишуваше.

ПЕРО:

Имав многу работа. Ти како си? (покажува накај тоалетот)

ЈАНА:

Сфатив дека Коста е изгубен засекогаш И се смирив со Даниел. Ме сака многу. Знаеше дека тоа е нешто најпонижително за него, но ме прифати назад. Оттогаш добро ни оди.

ДАНИЕЛ СЕ ВРАЌА.

ДАНИЕЛ:

Кажи како беше?

ПЕРО:

Англија ко Англија, фантазија...

ДАНИЕЛ:

Каде работеше?

ПЕРО:

Во кафиќ.

ЈАНА:

Па како живееше, доволни ти беа тие пари?

ПЕРО:

Работев и во дискотека, отмена, најпознатата во градот, четврток, петок и сабота женски стриптиз... мерак педерче... требаше да видиш тоа како изгледа, најбољите пички на планетава играле пред мене...

ДАНИЕЛ:

А се заработува ли добро?

ПЕРО:

Си купив BMW, таму не паѓаат во несвест, ама ја паднав. Кола снова.

ЈАНА:

Ја донесе?

ПЕРО:

Не. Ја шитнав. Имам сега некои пари на сметка.

ДАНИЕЛ:

Увек си бил најбољи, к´сметлија... Ај живели!

ЈАНА:

Ќе се враќаш?

ПЕРО:

Бог да чува!

ДАНИЕЛ:

Ти си луд.

ПЕРО:

Нема подобро од тука. Другите како се? Се гледате?

ДАНИЕЛ:

Ги сретнав Елена и Јосиф... на улица. Изгледа се смириле.

ПЕРО:

Ќе дојдат?

ДАНИЕЛ:

Не спомнаа.

НЕКОЈ ЅВОНИ НА ВРАТА. ЈАНА ОТВАРА. ЕЛЕНА И ЈОСИФ. ГОЛЕМА КУТИЈА ПОКЛОН. И ЧЕСТИТААТ СРДЕЧНО РОДЕНДЕН. СЕ УПАТУВААТ КОН МАСАТА.

ЈАНА:

Убаво што сте се сетиле.

ЕЛЕНА:

На Јосиф му текна.

ЈОСИФ:

Одамна не сме се виделе.

ЕЛЕНА :

(на Перо)

Не знаев дека си се вратил.

ЈОСИФ:

Не знаев ни јас.

ДАНИЕЛ:

Вечерва стигна човекот, лудо поминал.

ЕЛЕНА ЗЈАПА ВО ПЕРО. ЈОСИФ ЈА ЗАБЕЛЕЖУВА. ГЛЕДА НА ДРУГАТА СТРАНА.

ЈОСИФ:

Како си Јана?

ЈАНА:

Уште една година постара.

ДАНИЕЛ:

Што ќе се напиете?

ЕЛЕНА:

За мене Кисела вода... Не пијам веќе!

СИТЕ ЈА ПОГЛЕДНУВААТ ЗАЧУДЕНО. ДАНИЕЛ СИПУВА ПИЈАЧКИ.

ПЕРО:

Ај Среќен роденден. (Пие на екс.)

НЕКОЈ ЅВОНИ НА ВРАТАТА. СИТЕ СЕ ПОГЛЕДНУВААТ. ЈАНА СТАНУВА ДА ОТВОРИ. НА ВРАТАТА СЕ ПОЈАВУВА КОСТА. СО ЦВЕЌЕ.

ЈАНА:

Коста? Што праиш ти тука?

И ГО ПОДАВА ЦВЕЌЕТО.

КОСТА:

Среќен роденден.

ЈАНА:

Каде е Нина?

КОСТА:

Не сме више заедно.

ЈАНА:

Како мислиш?

КОСТА:

Се разведовме.

КОСТА ВЛЕГУВА, СЕ ПОЗДРАВУВА СО СИТЕ. НА КРАЈ СО ДАНИЕЛ.

ДАНИЕЛ:

Не те очекувавме.

КОСТА:

Имаш нешто против.

ДАНИЕЛ:

Гледај да немам.

ПЕРО:

Еј дечки, ај калм даун...

НЕПРИЈАТЕН МОЛК.

ЕЛЕНА(на Перо):

Не прати ни честитка. Изгледа не те бива за херој!

ПЕРО:

Нема боље од тука. Слушнав сте се смириле.

ЕЛЕНА:

Да, многу сме среќни... (бескрајно нападно го пољубува Јосиф, што тој прво е изненаден, па згрозен)

ПЕРО(на Јосиф):

Извини другар.

ЈОСИФ:

Било па поминало.

КОСТА(на Јана):

Изгледа не требаше да дојдам.

ЈАНА:

На мојот роденден сите се добродојдени... (му се насмевнува)

ДАНИЕЛ:

Добредојден!

ЈАНА:

Даниел смири се.

ДАНИЕЛ:

Види да ти кажам, све проголтав ради него, и нема да дозволам да ни се шета по животите добредојдено.

ЈАНА:

Даниел!

ДАНИЕЛ:

Уште го сакаш!?

ЈАНА:

Таа приказна е завршена.

ДАНИЕЛ:

Слатко лажеш...

КОСТА:

Најдобро е да си одам.

ЈОСИФ:

Па и ние.

ЕЛЕНА:

Сега дојдовме!

ЈАНА:

Белки не го направи тоа заради мене?

КОСТА:

Не, заради себе.

ДАНИЕЛ:

Што тоа направил?

КОСТА:

(тивко)Омажи се за мене.

ЈАНА(на Јосиф и Елена):

Ќе сакате да го префрлите и Коста?

ЈОСИФ:

Секако.

ЈАНА:

(На Коста)

Тоа го има на филм, во животот НЕ! Различни се тие што ќе ги сакаме, и тие со кои ќе одбереме да живееме. Се решив за Даниел. Најверојатно така мора да биде. Треба некој да биде со мене кога ќе имам температура, кога ќе ме боли стомачето... да си го бришам носето од нечија кошула кога плачам пошто светот ми пропаднал. Тоа не можеше да бидеш ти, за жал.

КОСТА ИЗЛЕГУВА.

ЕЛЕНА:

Ќе се видиме во некоја друга прилика.

ЈАНА:

Секако. Добра ноќ.

ДАНИЕЛ СЕДИ КАРШИ ПЕРО, И ГЛЕДА МЕЃУ СВОИТЕ СТАПАЛА. ЈАНА СЕ ПОТПИРА НА ВРАТАТА. ГИ ГЛЕДА, ПОТОА ОДИ КАЈ ДАНИЕЛ. ГО ПРЕГРНУВА. ГО БАКНУВА.

ЈАНА:

Те сакам.

МРАК.